ADING



1969 | 2014

45

СОДРЖИНА

Вовед 4
Историјат 8
За Нас 16
Менаџмент 16
Вработени 20
Грижа за вработените 24
Компании членки на групацијата АДИНГ 26
АДИНГ во светот 32
Производи 36
Сертификати 42
Референци 46
Општествена одговорност 62
Награди и признанија 68

CONTENTS

Introduction 4
History 8
About us 16
Management 16
Employees 20
Caring for the employees 24
Member companies of ADING group 26
ADING in the world 32
Products 36
Certificates 42
References 46
Social responsibility 62
Awards and recognitions 68

ВОВЕД

INTRODUCTION

Создадена во далечната 1969-та оваа, некогаш, мала компанија, денес претставува синоним за хемија во градежништвото. Оттогаш поминаа цели 45 години во кои визијата и желбата за создавање големи и значајни дела продолжува да се негува. Со луѓе секогаш отворени за иновации и исполнети со сништа, „АДИНГ“ прерасна во редок пример на македонска компанија, лидер во областа на производство на хемиски материјали за градежништвото во регионот на Југоисточна Европа.

Set up in the distant year of 1969, this once small company today represents a synonym for chemistry in the construction sector. 45 years have passed since, years in which the vision and desire for creating huge and significant deeds continues to be nurtured. With people always open to innovations and filled with dreams, "ADING" has grown into a unique example of a Macedonian company, leader in the field of chemical materials production for the construction sector in the region of South-Eastern Europe.

Како што и нашиот слоган кажува, ние се стремиме кон една повисока цел, да бидеме состојка на секоја градба, притоа настапувајќи визионерски, храбро и посветено во работењето. Втемелено е во кодот на Адинговците дека не постои невозможно и недостижно и, многупати, со упорна работа и верба во себе сме, го докажале токму спротивното. Водејќи се од овие основни принципи на филозофијата на „АДИНГ", 45 години успешно ја градиме нашата приказна.

Just like our slogan says, we strive for a higher goal, to be ingredient of every construction and at the same time to act with vision, boldness and dedication in our work. Ading's employees are imbued with the belief that nothing is impossible or unattainable and on many occasions, through hard work and faith in ourselves, we have proved that. Being lead by these fundamental principles of Ading's philosophy, we have been writing our successful story for 45 years already. Today, after so many years, a period in which we have experienced big social

Денес, по целото ова изминато време, период во кој доживеавме големи општествени промени, потреси и неизвесности, можеме да кажеме дека „АДИНГ“ стабилно чекори напред кон својата цел и ја исполнува својата мисија. Низ годините научивме дека иднината е тешко предвидлива, но докажавме дека доколку стратешки се размислува и доколку компанијата е поставена на здрави темели, ризиците со кои се соочуваме може да се минимизираат.

changes, convulsions and uncertainties, we can say that "ADING" advances steadily towards its goal and fulfils its mission. In the course of the years we have learned that the future is hard to predict. However, we proved that if you think strategically and if the company has sound foundations, the upcoming risks can be reduced to minimum.

ИСТОРИЈАТ

HISTORY

Компанијата која во 1969-та година броела само 5 луѓе, започнала скромно и визионерски. Нејзината, за тоа време, невозможна мисија била најпрво да се започне со пласман, а потоа и со производство на специфични хемиски материјали за градежништвото кои дотогаш не биле присутни во ниту една македонска компанија. Ентузијазмот и големата желба на тогашните пионери во оваа дејност преовладале и приказната започнала. Од 2002 година, компанијата е организирана како акционерско друштво со основна главнина од 3.857.636 € која ја сочинуваат вкупно 386.400 обични акции со номинална вредност на една акција од 9,983€. Акциите на „АДИНГ" се тргуваат на официјалниот пазар на Македонската берза на котирани хартии од вредност, а првото тргување е регистрирано на 27.12.1997 година.

With just 5 employees in 1969, the company's beginnings had been modest, but visionary. At that time, the company's mission impossible was to start at first with marketing and then with production of specific chemical materials for the construction industry which up to then were not present in any Macedonian company. The enthusiasm and immense desire of the then pioneers of this business activity has prevailed and the story has begun. Since 2002 the company has been operating in the form of a joint-stock company with charter capital of 3,857,636 € comprised of a total of 386,400 ordinary shares with face value of 9.983 € per share. ADING's shares are traded on the official market of the Macedonian Stock Exchange of listed securities and their first trading has been recorded on 27-12-1997.

ИСТОРИЈАТ

Во 1969-тата година, г.Андон Донку иницира разговори со КГК„Карловац“ и заедно со г.Борис Несторов и г.Дино Динов успеваат во намерата да отворат претставништво во Скопје. На 30.5.1969 ја регистрираат работната единица КГК„Инженеринг“ – Скопје, а на тимот се приклучуваат и Хариклиа Донку и Александар Несторов. Седиштето е во изнајмени простории на ул.„Гоце Делчев“ бр.25 со регистрација за пласман на КГК производи и проектирање со изведба и надзор на градежни објекти и ентериери.

Борис Несторов - дипл. инж. арх.
Генерален директор (1969 - 1987)

In 1969, Mr. Andon Donku has initiated talks with KGK (Construction Chemical Industry) “Karlovac” and together with Mr. Boris Nestorov and Mr. Dino Dinov they succeeded in their intention to establish a representative office in Skopje. On 30-05-1969 they have registered the operations department KGK “Inzhenering” Skopje and the team was joined by Hariklia Donku and Aleksandar Nestorov. The registered office was located at No. 25, “Goce Delchev” Str. and had as its objects the marketing of KGK (construction chemical industry) products and planning, construction and supervision of construction sites and interior design.

Boris Nestorov - B.Sc. Arch.
General Manager (1969 - 1987)

Се земаат простории во нас.Лисиче и тука се произведуваат првите количини пластични малтери. Обемот на работа е во постојан пораст, а „Автотурист“ ги отстапува просториите во нас.Ѓ.Петров и сега фирмата има 35 вработени. Управата и техничката служба се селат во нас. Чаир, а подоцна во Старата железничка станица.

Premises were rented in the municipality of Lisiche and the first quantities of plastic mortar were produced there. The volume of work had been growing continuously and “Avtoturist” has made its premises in the municipality of Gjorche Petrov available to the company which at that time had 35 employees. The Management and the Technical Support were moved to the municipality of Chair and later to the Old Railway Station.

Во 1978 во„ОХИС“ настануваат низа трансформации и ООЗТ „Инженеринг“ се издвојува во самостојна работна организација Р.О.„Инженеринг“, регистрирана за производство на адитиви и други хемиски производи за градежништвото и инженерингот. Во 1980-тата година го менува името во„Адитиви Инженеринг“ или скратено„АДИНГ“.

During 1978 “OHIS” has seen several overhauls and OOZT “Inzhenering” has become an independent Work Organisation - R.O. “Inzhenering” – having as its objects the production of admixtures and other chemical products for construction and engineering. In 1980 it changed its name to “Aditivi Inzhenering” or abbreviated “ADING”.

Првичниот подвиг бил направен и започнува пласманот на производите на КГК во оперативата, а во 1971-та тимот се зголемува на 15 вработени и се раѓаат реални потреби за развој на производство во склоп на Работната единица во Скопје. Матичната КГК не се согласува со оваа идеја, но веднаш се јавува„ОХИС“ како заинтересирана странка и КГК „Инженеринг“ се приклучува и продолжува да работи под името ОХИС ООЗТ„Инженеринг“.

Дино Динов - дипл. град. инж.
зам. Генерален директор (1969 - 1987)

The initial steps were made and the marketing of KGK’s products in the operations department had begun. In 1971 the team has grown to 15 strong and a real need has emerged for development of production plants within the operations department in Skopje. The parent company – KGK – did not agree with this idea; however “OHIS” immediately appeared as an interested party, so KGK “Inzhenering” joins it and continues its operations under the name of OHIS OOZT (Basic Organisation of Associated Labour) “Inzhenering”.

Dino Dinov - B.Sc. civ.eng.
Deputy General Manager (1969 - 1987)

1969 1971 1978

HISTORY

12•05•1987

Ова е најтешкиот период за компанијата во овие 45 години постоење, поврзан со една огромна трагедија и загуба на 7 човечки животи при експлозија во производствениот погон.

This period of time had been the most difficult for the company in its 45 years of existence and it was related to the huge tragedy and loss of 7 lives in the explosion which occurred on the shop floor.

Драган Дугалиќ
дипл. град. инж.
Зоран Тодоров
техничар
Љупчо Зилковски
техничар
Халим Рамадан
работник
Сали Шаќири
виљушкарист
Слободан Петровски
виљушкарист
Нехат Муртези
работник

Dragan Dugalic
B.A. Civil Engineering
Zoran Todorov
technician
Ljupco Zilkovski
technician
Halim Ramadan
worker
Sali Sakiri
forklift driver
Slobodan Petrovski
forklift driver
Nehat Murtezi
worker

„АДИНГ" е во целосен колапс, срушен е еден сон и скршени се духовите на водечките луѓе. Во тој момент„ОХИС"ја прифаќа „АДИНГ " во своите рамки и е вечно благодарен за поддршката во таквите тешки моменти. Но, со ова приклучување„АДИНГ" го губи својот препознатлив стил на работа и сè повеќе станува мал и незначаен дел од една голема и бирократизирана организација. Свесна за својата иднина, младата раководна структура презема решителни чекори и со поддршката на„АДИНГ ПВА", по многу притисоци, надмудрувања и жесток отпор успева во, речиси, невозможното за тоа време, да се оддели од„ОХИС" како самостоен правен субјект.

"ADING" was totally collapsed. The dream was shattered and the management's spirit was broken. At that moment, "OHIS" accepted "ADING" within its organisational structure, therefore "ADING" is immensely thankful for the support in those difficult moments. However, this accession has seen "ADING" lose its distinguishable style of work. More and more it was becoming a small and insignificant part of a large organisation burdened by bureaucracy. Aware of its prospects, the young managerial staff has taken decisive steps and with the support of "ADING PVA", after big amount of pressure, circumventions and fierce resistance, they succeeded in what was almost impossible at that time, to split apart from "OHIS" as an independent legal entity.

1987-89„АДИНГ" го водат г. Живко Гоџиров (покоен) како в.д.директор и г.Лазар Мирчев како директор на„АДИНГ ПВА" во состав на„ОХИС".

1987-1989 "ADING" is managed by late Mr. Zhivko Godjirov in his capacity as an interim manager and Mr. Lazar Mirchev in the capacity as a director of "ADING PVA" within "OHIS".

Експанзијата на производството и добриот глас за неколкуте производи даваат позитивни резултати и започната е постапка за изградба на сопствен објект од сопствени средства во западната индустриска зона. Во 1982-та година на површина од 16.500м^2 изградени се производствени хали на 3000м^2, лаборатории, гардероби, кујна и др., на 1500м^2 и базно производство на 350м^2. Асфалтирани се сите патишта, просторот е ограден, осветлен и хортикултурно уреден.

The expansion of the production capacity and the good reputation of several of its products have yielded positive results and a procedure has been initiated for building its own facility financed by its own funds which was to be located in the western industrial zone. The facility constructed in 1982 included shop floors covering an area of 3,000 m^2, laboratories, changing rooms, kitchen, etc. covering an area of 1,500m^2 and a basic production facility covering an area of 350m^2, totalling to an area of 16,500m^2. The roads were paved; the premises were fenced, provided with lighting and softscaped.

Управата и техничката примена се сместени во санирана и адаптирана барака на ул. „И.Милутиновиќ". Се откупува и продажно-изложбен простор во Ѓ. Петров на површина од 90м^2.

The Management and the Technical Support were accommodated in a refurbished and adapted single-storey building at "I. Milutinovikj" Street. Premises covering an area of 90m^2 which were to be used as a shop and a showroom were bought in the municipality of Gjorche Petrov.

Воспоставена е соработка со повеќе институции, факултети, градежни и трговски организации и се започнува соработка со швајцарско-австриската фирма „Менадие". Започнува и извозот на странските пазари: Ирак, Иран, Алжир, СССР, Чехословачка, Куба, Кина и други земји.

Cooperation has been established with many institutions, faculties, civil engineering and trade organisations and the company began collaborating with the Swiss-Austrian company "Menadie". Products began to be exported to international markets: Iraq, Iran, Algeria, the Soviet Union, Czechoslovakia, Cuba, China and many others.

1982 1985 1987 1990

ИСТОРИЈАТ

Во 1990-тата година приказната добива нов почеток и на чело на сè уште ранетата „АДИНГ“ застанува г. Љупчо Атанасовски (1990-1994) со заедничка цел компанијата да застане што поскоро на здрави нозе.

Љупчо Атанасовски
- дипл. инж. арх
Генерален директор (1990 - 1994)

In 1990 the story has had its new beginning with Mr. Ljupcho Atanasovski (1990-1994) in the capacity as a director leading the still-troubled "ADING" towards the common goal of seeing the company on the right track as soon as possible.

Ljupco Atanasovski
- B.Sc. Arch.
General Manager (1990 - 1994)

Во овој период „АДИНГ“ почнува својот излез да го бара во Русија, Бугарија, Казахстан, а, паралелно, следуваат и многу организациски и кадровски преструктуирања и процесот на приватизацијата. Приватизацијата е изведена на задоволство на сите вработени, не постојат незадоволни страни и преставува еден од првите и поуспешни примери на приватизација на македонските компании.

In that period "ADING" began seeking its refuge on the markets in Russia, Bulgaria, and Kazakhstan and at the same time there have been many organisational shifts and staff restructuring, as well as the process of privatisation. The process of privatisation was carried out to the satisfaction of all employees and it represents one of the first and more successful stories of privation of a Macedonian company.

Во еден голем дел од поновата историја (1994-2000) свој печат остава и г. Димче Даниловски кој, како дел од младиот раководен кадар, останува и со целосна посветеност придонесува за фирмата по несреќата во 1987-та година.

Димче Даниловски
- дипл. град. инж.
Генерален директор
(1994 - 2000)

Dimce Danilovski
- B.Sc.civ.eng.
General Manager
(1994 - 2000)

Also, Mr. Dimche Danilovski left his mark in a longer period of the company's later history (1994 - 2000). As part of the young managerial staff, he remained in the company and contributed with full dedication to its development in the aftermath of the accident of 1987.

Речиси од почеток започнува да се испишува уште една страница од историјата на „АДИНГ“. Финансиите, репроматеријалите и останатите ресурси се сведени на минимум и, само благодарение на огромната желба, ентузијазмот на младиот раководен тим и вербата во некогашниот сон, „АДИНГ“ започнува со консолидирање на своите редови. Се обновуваат контактите со старите пазари и странски партнери, за во 1992-та година повторно да удри кризата во поранешна Југославија и војните кои се водат на овие територии.

New page is turned in ADING's history and almost everything is started from scratch. The finances, production materials and other resources are reduced to minimum and only by courtesy of the immense desire, the young managerial staff's enthusiasm and the faith in the former dream, "ADING" began to consolidate its position. Links with former markets and foreign partners were re-established only to see the new blow coming in 1992 with the crisis in former Yugoslavia and the wars that were waged on those territories.

Во 1991-та година се формира **„АДИНГ – Бизнис Центар“** со дејност трговија, која презема дел од оптоварувањето со вишокот вработени и ја започнува својата самостојна приказна. Во овој период „АДИНГ“ започнува сериозно да размислува за прифаќање на ISO стандардите, а следува и целосната приватизација која е регистрирана во Судскиот регистар во текот на 1996-та година.

In 1991 "ADING – Business Center" was set up, with trade as its business activity. Its employees assumed part of ADING's work load, thus starting to write their own story. In this period "ADING" started contemplating the adoption of ISO standards and afterwards the company was fully privatised and its privatisation was registered in the Court Register in 1996.

1990 1991 1992 1994

Материјалите на „АДИНГ“ веќе се бренд сами по себе и стануваат препознатлив дел од имиџот на компанијата, се формираат помали специјализирани фирми, во нејзин состав или надвор од неа, за зголемена оперативност и подобрена услуга кон многубројните домашни и странски клиенти.

ADING's materials became a brand in itself and a recognisable feature of the image of the company. Smaller specialised companies were established in or out of its organisational structure in order to achieve increased productivity and provide better services to the numerous domestic and international clients.

Во периодот од 2000-2005, г.Петре Филипоски застанува на чело на управниот одбор на компанијата, период во кој „АДИНГ“ веќе ја дисперзира својата производна програма и успешно функционира како акционерско друштво.

Петре Филипоски
- дипл. инж. техн.
Генерален Директор (2000 - 2005)

In the period between 2000 and 2005, Mr. Petre Filiposki acted as President of the Managing Board and it was a period in which "ADING" has already been dispersing its production range and operated successfully as a joint-stock company.

Petre Filiposki
- B.Sc.tech.eng.
General Manager (2000 - 2005)

Во периодот по 1996-тата година започнува воведувањето на ISO стандардите, забрзано и успешно се развива инженерската служба, која и претходно постоела, но сега се изведуваат многубројни објекти. Се покриваат специфични работи од областа на санациите на поединечни делови или цели објекти, индустриски подови на цементна и епоксидна основа, изведба на хидроизолации, противпожарна заштита на челични конструкции и електрични инсталации итн.

The introduction of ISO standards began in the period after 1996. The engineering service, which was already existent, experienced fast and successful development and many construction projects were underway at that time. Specific works were carried out in the field of rehabilitation of individual parts or whole buildings, cement- and epoxy-based industrial flooring, waterproofing construction, fire protection systems for steel constructions and electric cables, etc.

Во 2001-та година основана е **„Инвест А“ ДООЕЛ Скопје**, како фирма членка на групацијата „АДИНГ“. Главна дејност на фирмата е завршни и санациски работи во градежништвото со материјали од производната програма на „Адинг“ и материјали од странски фирми кои ги застапува „Адинг– Бизнис Центар“ (трговија на големо и мало).

"Invest A" DOOEL (Single Member Limited Liability Company) was founded in 2001 as a company forming part of "ADING" Group. Main business activity of the company is finishing and rehabilitation works in the construction sector by applying materials manufactured by "ADING" and materials manufactured by foreign companies represented by "Ading – Business Centre" (wholesale and retail trade).

„АДИНГ“ е присутна на берзата уште од нејзиното формирање, а од 13 декември 2002 година котира на официјалниот пазар на Македонската берза.

"ADING" has been present on the stock exchange since its incorporation; however, as of 13th of December 2002 it has been listed on the official market of the Macedonian Stock Exchange.

Во 2002-та година во Скопје, основана е **„Биро Проект“ ДООЕЛ Скопје**, како членка на групацијата „АДИНГ“, која нуди листа на услуги од областа на проектирањето, маркетингот, хортикултурата, како и процена од областа на недвижен имот.

Also forming part of "ADING" Group is **"Biro Proekt" DOOEL** (Single Member Limited Liability Company) which was founded in 2002 and which offers a range of services in the field of design, marketing, soft landscaping, as well as property valuation.

1996 2000 2001 2002

ИСТОРИЈАТ

Компанијата во периодот од 2006-та до денес, ја води г.Благоја Дончев кој својот работен век го започнал во „АДИНГ", притоа поминувајќи низ сите скалила на компанијата, за денес успешно да се справи со предизвиците на модерното време.

Благоја Дончев
- дипл. инж. арх
Генерален директор (2006 -)

In the period from 2006 up to now the company has been managed by Mr. Blagoja Donchev who began his working life in "ADING", passed through all the levels of the company, so that today he is well prepared to deal with the challenges of modern time.

Blagoja Donchev
- B.Sc. Arch.
General Manager (2006 -)

Се поставува приоритет за вработување на млади инженери технолози и хемичари кои треба да го зајакнат делот кај истражувањето,развојот и производството и повторно се наметнува офанзивниот настап на странските пазари, со посебен акцент на Хрватска и Казахстан. Усвоена е нова организациона шема и систематизација со прецизирани одговорности и ингеренции на секторите во компанијата. Стратешки се одвојуваат дејностите на членките од групацијата, па така, „АДИНГ"се занимава само со производство и пласман на хемиски производи, „ИНВЕСТ А"се занимава со инженерски работи и „БЦА"се занимава со трговија и дистрибуција.

Priorities were set on employing young technological and chemical engineers who should strengthen the field of research, development and production and once again the pressing approach on the international markets was imposed with special emphasis on Croatia and Kazakhstan. New organisational set-up and systematisation with set responsibilities and competencies of the company's sectors were adopted. There was a strategic division of the business activities among the companies forming part of the group, so "ADING" deals only with production and sales of chemical products, "INVEST A" deals with engineering works and "Ading Business Centre" deals with trade and distribution.

Во овој период се случуваат низа значајни инвестиции и купени се градежни земјишта во Скопје, Србија, Бугарија каде подоцна никнуваат нови деловни објекти и производни капацитети во сопственост на „АДИНГ".

This was a period of significant investments. Construction plots were bought in Skopje, Serbia and Bulgaria where new business facilities and production plants were build, which were the ownership of "ADING".

Во мај 2009-тата пуштен е во функција и „Деловниот Центар Адинг", лоциран во населбата Ѓорче Петров на површина од 3000м². Овде е седиштето на „Адинг – Бизнис Центар", „Инвест А" и „Градител Адинг".

"Business Centre Ading" located in the municipality of Gjorche Petrov, covering an area of 3,000m², was commissioned in May 2009. It houses the registered office of "Ading – Business Centre", "Invest A" and "Graditel Ading".

Во мај 2009-тата година пуштена е во употреба новата фабрика во Перник, Р. Бугарија, со површина од 1800м², со производен простор од 500м² и деловен простор од 200м²,изградена според најсовремени стандарди. Намената е производство на адитиви за бетони и малтери.

New factory in the city of Pernik, Republic of Bulgaria, covering an area of 1,800m², including a production facility of 500m² and business premises of 200m², built according to the latest standards, was commissioned in May 2009. It is intended for production of concrete and mortar admixtures.

2006 2009 2010

Во периодот од 2010 година, преку својата филијала во Алмати, Казахстан, „Адинг“ започнува со учество во низа значајни проекти на пазарот во Казахстан за изведба на цементно-бетонски коловози на делници од меѓународниот транзитен коридор „Западна Европа – Западна Кина“. Овде најпрво се јавивме со целосно инженерска улога, за подоцна, на следните проекти да продолжиме како консултанти со своја експертиза и техничка инструктажа, но и со пласман на специфични производи од групата адитиви.

In the period as of 2010, through its branch office in Almaty, Kazakhstan, "Ading" began participating in several significant projects on the market in Kazakhstan for construction of cement concrete pavements on sections of the international transit corridor "Western Europe – Western China". At first we provided complete engineering services and later, in the following projects, we assumed the role of consultants, providing expertise and technical briefing, as well as marketing of specific products from the range of admixtures.

Освен континуираните вложувања во фабриката во матичната компанија, направени се и неколку позначајни вложувања во 2011 година. Отворено е ново одделение за боени системи на база на растворувачи и направена е реконструкција и адаптација на одделението за течни адитиви.

Apart from continuous investments in the factory of the parent company, several significant investments were made in 2011. A new department of solvent-based dye systems was opened and the department of liquid admixtures was reconstructed and adapted.

Во 2013-та година започнат е проектот „Адинг нови бизниси 2019“ и формиран е тим чиј претседател е г. Александар Белев, директор на региони и член на Надзорниот одбор. Проектот е формиран со цел да привлече идеи за нови партнерски бизниси, различни од дејностите на „АДИНГ“.

НОВИ БИЗНИСИ ADING 2019

Ading's New Businesses 2019 project was launched in 2013 and a team was established whose president is Mr. Aleksandar Belev, Director of Regions and member of the Supervisory Board. The project was initiated with the purpose of attracting new ideas for new partner businesses, different from the business activities of "ADING".

Во април 2011-тата година пуштена е во употреба најсовремена фабрика во Техеран, Иран, со трансфер на наша knowhow („знаеме како“) технологија, на површина од околу 1400м^2 и локација со вкупна површина од околу 7000м^2. Фабриката е технолошки опремена за производство на прашкасти, пастозни и течни производи. „Адинг Шими Парс“ е основана во 2009 година како заедничка инвестиција со тамошни партнери.

The most modern factory in Tehran, Iran, was commissioned in April 2011 with transfer of our know-how technology on area of 1,400 m^2 and a location covering a total surface area of 7,000 m^2. The factory is technologically equipped for the production of powdery, paste-like and liquid products. "Ading Shimi Pars" was founded in 2009 as a joint venture with partners from there.

Во 2013-та година се започнува со ребрендирањето и новите современи пакувања на дел од производите од производната програма наменета за малопродажбата.

Rebranding began in 2013 and new modern packaging for some of the products from the retail-bound product range was introduced.

2011

2013

ЗА НАС

ABOUT US

Благоја Дончев – *Дипл. град. инж.*
Претседател на Управен одбор и Генерален директор
на друштвото, управител на Бизнис Центар Адинг

Blagoja Donchev – *B.Sc.civ.eng.*
President of Board of directors and General manager
of the company, General manager of Biznis Centar Ading

Петре Филипоски – *Дипл. инж. техн.*
Заменик претседател на Управен одбор и зам. Генерален директор,
управител на АДИНГ Бугарија

Petre Filiposki – *B.Sc.tech.eng.*
Deputy president of Board of directors deputy General manager,
General manager of ADING Bulgaria

Зоран Петровски – *Дипл. инж. арх.*
Член на Управен одбор и заменик Генерален директор,
управител на филијала АДИНГ, Алмати, Р. Казахстан

Zoran Petrovski – *B.Sc.arch.eng.*
Member of Board of directors and deputy General manager,
General manager of Ading branch in Almaty – Kazakhstan

Дончо Каратуков – *Дипл. инж. арх.*
Член на Управен одбор и помошник Генерален директор,
управител на ИНВЕСТ - А ДООЕЛ Скопје

Doncho Karatukov – *B.Sc.arch.eng.*
Member of Board of directors and assistant General manager,
General manager of INVEST-A DOOEL Skopje

Вања Дончева Рајатоска – *Дипл. инж. арх.*
Член на Управен Одбор,
управител на Биро Проект ДООЕЛ Скопје

Vanja Donceva Rajatoska – *B.Sc.arch.eng.*
Member of Board of directors,
General manager of Biro Proekt DOOEL, Skopje

МЕНАЏМЕНТ - *MANAGEMENT*

НАДЗОРЕН ОДБОР - *SUPERVISORY BOARD*

Благоја Мојсовски – *Дипл. град. инж.*
Претседател на Надзорен одбор

Blagoja Mojsovski – *B.Sc.civ.eng.*
President of Supervisory board

Весна Гогова – *Дипл. прав.*
Заменик претседател и
независен член на Надзорен одбор

Vesna Gogova – *B.Sc.law*
Deputy president and
independent member of Supervisory board

Александар Белев – *Дипл. град. инж.*
Член на Надзорен одбор

Aleksandar Belev – *B.Sc.civ.eng.*
Member

Александра Петровска – *Дипл. инж. арх.*
Член на Надзорен одбор

Aleksandra Petrovska – *B.Sc.arch.eng.*
Member

ADING



ВРАБОТЕНИ

Она што е нашата улога во градбите, тоа е улогата на вработените во „АДИНГ“, основната состојка на компанијата. Групацијата „АДИНГ“ денес има повеќе од 150 вработени од кои околу 90 вработени се во матичната компанија и со гордост можеме да кажеме дека ние сме инженерска компанија. Речиси 40% од нашите вработени се градежни инженери, архитекти, хемиски инженери, технолози, но и други високостручни профили кои работат во секторите: Производство, Примена и продажба, Институт за истражување и развој,

The role that we play in constructions is the same with the role that the employees play in "ADING" – being the basic ingredient of the company. Today "ADING" Group has more than 150 employees, 90 of which are employed at the parent company and we are proud to say that we are a company of engineers. Almost 40% of our employees are civil engineers, architects, chemical engineers, technical engineers, but we also have other highly qualified staff working in the sectors for: Production, Application

Контрола на квалитет, како и во другите сектори: Набавки, Финансиска служба и Правна канцеларија. Тимската работа на различните сектори и сумираните практични искуства, технологии и знаења низ годините ја чинат додадената вредност на „АДИНГ“ односно неговите вработени. Непрекинатото инвестирање во високостручни кадри и нивното професионално усовршување ја претставуваат нашата најголема инвестиција во иднината на компанијата.

and Sales, the Research and Development Institute, Quality Control, as well as in the sectors for: Procurement, Finances and the Legal Service. The team work involving different sectors and the hands-on experience, technologies and knowledge accumulated throughout the years create the added value of "ADING", that is, its employees. The continuous investment in highly qualified staff and their professional development represents out greatest investment in the future of the company.

ВРАБОТЕНИ

Во нашиот институт работат искусни хемиски и инженери технолози кои се задолжени за постојано следење на нашите производи и нивно унапредување. Тие имаат значајна улога во креирањето на производната програма, подобрувањето и усовршувањето на својствата на производите, тестирањето на новите производи и наоѓањето на соодветна формула за секој производ кој треба да се пласира на пазарот.

Our institute employs experienced chemical engineers and technological engineers who are responsible for continuous monitoring of our products and their promotion. They have a significant role in the development of the product range, the improvement and enhancement of the features of our products, the testing of new products and the process of finding an appropriate formula for each product which is to be sold on the market.

Клучна алка во целиот процес на создавање на Адинговите производи е и секторот Производство. Работата на производниот сектор опфаќа производство и пакување на прашести, пастозни и течни производи од нашата програма. Вработените се грижат финалниот производ да биде изработен по сите стандарди и подготвен за пласман на пазарот.

Important link in the chain of manufacturing of Ading's products is the Sector for Production. The work activities in this sector involve the production and packaging of powdery, paste-like and liquid products from our product range. The employees make sure that the final product is made in compliance with all the standards and that it is ready to be sold on the market.

Секторот задолжен за примена и продажба е носечки столб во пласирањето на нашите производи. Составен од искусни градежни инженери, архитекти и комерцијалисти, тимот секогаш е подготвен да одговори на барањата на клиентите и е на располагање за консултации при примена на Адинговите материјали.

The Sector for Application and Sales is the main pillar for the marketing of our products. Comprised of experienced civil engineers, architects and sales specialists, the team is always prepared to meet the demands of the clients and is available to give advices on how to apply Ading's materials.



Секторот се грижи нашите производи да стигнат до клиентите и навремено и постојано го следи пласманот и пазарот. Малопродажбата на територија на Р.Македонија интензивирано напредува во последнава година и целта е Адинговите производи да бидат лесно достапни за потребите на секој дом.

The sector makes sure our products are delivered to the clients and it performs continuous and timely monitoring of market and sales. Retail on the territory of the Republic of Macedonia has been progressing intensively throughout last year and the objective is to make Ading's products readily available for the needs of every household.

ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Компанијата се грижи за своите вработени без кои не би биле она што сме денес. Ова подразбира постојано инвестирање во унапредувањето на нивното знаење и искуство, континуирани обуки преку семинари, конгреси, саеми, симпозиуми и сл., бонуси за посебни залагања и препознавање на таленти и нивните способности, грижа за нивното здравје и безбедност. Исто така, се промовира доверба меѓу вработените, нема полова, расна, старосна, социјална или хендикеп дискриминација, се почитува законската регулатива во сите сегменти на работењето. За вработените има превоз, топол оброк и регрес, а се помагаат социјалните категории вработени за посебни околности. Заедно со менаџментот, сите вработени редовно ги прославуваат Адинговите родендени и Новогодишните празници. Секој кој бил дел од Адинг 10 и повеќе години е награден со часовник или златник, соодветно на стажот во компанијата.

CARING FOR THE EMPLOYEES

The company takes care of its employees without whom it would not have been what it is today. This means permanent investment in the advancement of their knowledge and experience, continuous training by attending seminars, congresses, fairs, symposiums, etc., bonuses for outstanding efforts, identification of talents and the skills that they possess, taking care for their health and safety. At the same time, we promote trust among employees, there is no gender, race, age, social or disability discrimination and the legal regulations are adhered to in each segment of the working activities. The employees are provided with transport, meals and holiday bonus, and the employees belonging to certain social categories are being assisted on special occasions. All the employees, along with the management, regularly celebrate Ading's birthdays and New Year's holidays. Every employee who has been part of Ading for 10 or more years is awarded a watch or a gold coin, according to the length of service within the company.

ФИРМИ ЧЛЕНКИ НА ГРУПАЦИЈАТА АДИНГ

Biznis Centar ADING

www.bca.mk

„Адинг – Бизнис Центар“ ДООЕЛ е ќерка фирма основана во 1991-та година како нејзин прв профитен центар. Основната дејност на „Бизнис Центар Адинг“ е трговија на големо и мало со градежни материјали. Структурата на производите која е застапена во продажната палета на „Бизнис Центар – Адинг“ е, во најголем дел, за потребите на градежништвото со асортиман на домашни и странски брендови. Освен за производите од програмата на „Адинг“, „БЦА“ е дистрибутер и застапник е на покривните мембрани *Firestone*, материјалите за инјектирање *ТРН* и системите за водоотпорност, одводните системи и канали *Graspointner*, прозорските окапници *VOX* и ѕидните панели, Геотекстил од „АДП Младеновац“ и АСР- профили за дилатација. Управител на фирмата е дипл. град.инж. Благоја Дончев.

“Ading – Business Centre” DOOEL (Single Member Limited Liability Company) is a daughter company which was founded in 1991 as its first profit centre. Main business activity of “Ading – Business Centre” is the wholesale and retail of construction materials. The structure of products forming part of the product range of “Ading – Business Centre” is intended mostly for use in the construction industry with a variety of domestic and foreign brands. Apart from the products of Ading’s product range, “Ading – Business Centre” is a distributor and representative of the Firestone roofing membranes, TPH injection and waterproofing systems, Graspointner drainage systems and channels, VOX window sills and wall panels, geotextile from “ADP Mladenovac” and ACP expansion profiles. Manager of the company is Blagoja Donchev, B. Sc. in Civil Engineering.



INVEST A

www.investa.com.mk

„Инвест А“ ДООЕЛ Скопје, е ќерка фирма основана во 2001 година со главна дејност за завршни и санациски работи во градежништвото со материјали од производната програма на „Адинг“ и материјали од странски фирми кои ги застапува „Бизнис Центар Адинг“. „Инвест А“ располага со квалитетен инженерски кадар од архитектонски и градежен профил и адекватна опрема и алат за дејностите што ги извршува. Користи и услуги од долгогодишни кооперанти на „Адинг“ кои како резултат на квалитетно и навремено изработени проекти, имаат стекнато сертификат од „АДИНГ“ и овластување за вградување на производи на „АДИНГ“, кои ги издава „АДИНГ“. Покрај тоа, „Инвест– А“ поседува А лиценца за надзор на изградба на градби од прва категорија и Б лиценца за изведувач на градби од втора категорија,со забележителната референтна листа на значајни административни и стопански објекти во Р. Македонија и регионот. Управител на фирмата е дипл.инж.арх. Дончо Каратуков.

“Invest A” DOOEL (Single Member Limited Liability Company) Skopje is a daughter company founded in 2001 which has as its main business activity the finishing and rehabilitation works in construction sector by applying materials manufactured by “ADING” and materials manufactured by foreign companies represented by “Ading – Business Centre”. “Invest A” employs quality engineering staff with architecture and construction background and suitable equipment and tools for the activities which it carries out. It also avails itself of the services provided by Ading’s subcontractors of many years who as a result of quality and timely delivery of the projects have been awarded a certificate by “ADING” and an authorisation for installing ADING’s products issued by “ADING” itself. Furthermore, “Invest A” holds A license for construction supervision on first category buildings and B license for building contractor of second category buildings with a remarkable reference list of important administrative and commercial buildings in the Republic of Macedonia and in the region. Manager of the Company is Doncho Karatukov, B. Sc. in Architectural Engineering.

ФИРМИ ЧЛЕНКИ НА ГРУПАЦИЈАТА АДИНГ

БИРО ПРОЕКТ
ПРОЕКТИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

www.biroproekt.com.mk

„БИРО ПРОЕКТ“ ДООЕЛ е ќерка фирма основана во 2002 година, како специјализирана компанија на пазарот во Македонија која со својата професионалност нуди листа на услуги од областа на проектирањето, хортикултурата, маркетингот и проценатa на недвижен имот.Проектантскиот тим ги изработува сите фази во процесот на проектирањето и ги поседува сите потребни лиценци и овластувања за проектирање, надзор и ревизија, а, исто така, поседува лиценца за процена на недвижен имот. За хортикултурното и партерното уредување задолжен е специјализиран тим за дизајнирање и изведба. „Биро Проект“ е ќерка фирма која се грижи за комплетниот имиџ на сите фирми од деловниот систем „Адинг“. Во делот на маркетиншките услуги и градењето на брендот„Биро Проект“ нуди поддршка во областите на – графичкиот дизајн, менаџирањето на корпоративни настани и односите со јавност. Управител на фирмата е дипл.инж.арх. Вања Дончева Рајатоска.

“BIRO PROEKT” DOOEL is a daughter company established in 2002 as a specialised company on the Macedonian market which through its professional attitude offers a range of services in the field of design, soft landscaping, marketing and property valuation. The design team develops all the stages in the process of design and holds all necessary licenses and authorisations for design, supervision and revision, and also it holds a license for property valuation. A specialised team for design and delivery is responsible for the soft- and hard landscaping. “Biro Proekt” is a daughter company which takes care of the complete image of all companies which form part of the “Ading” business system. As part of the marketing services and brand building, “Biro Proekt” offers its support in the field of graphic design, corporate event management and public relations. Manager of the Company is Vanja Doncheva Rajatoska, B. Sc. in Architectural Engineering.

ADING BEOGRAD

www.ading.rs

„АДИНГ“ ДОО Белград е ќерка фирма основана во 2002 година, со која се продолжува присуството на „АДИНГ“ на пазарот во Р.Србија уште од првото претставништво во 1980 година. Освен со продажба на производите на „АДИНГ“ и услугите за нивна техничка примена, претставништвото дава и инженерски услуги за изведувачки работи од специјализиран карактер. „АДИНГ“ ДОО Белград е една од постарите членки на групацијата „АДИНГ“, чија дејност е примена и пласман на Адинговите производи на пазарот на Р. Србија. Како учесник во сите позначајни инфраструктурни проекти во Р. Србија, „АДИНГ“ го продолжи своето присуство на овој пазар со нашите производи и техничката експертиза на тамошниот инженерски и продажен кадар. Управител на фирмата е дипл.град.инж. Зоран Ѓуровиќ.

“ADING” DOO Belgrade is a daughter company established in 2002, thus continuing ADING’s presence on the market in the Republic of Serbia since the opening of its first representative office there in 1980. Apart from selling ADING’s products and providing services for their technical application, the representative office also provides engineering services for specialised construction activities. “ADING” DOO Belgrade is one of the older members of “ADING” Group whose business activities involve application and sales of Ading’s products on the market in the Republic of Serbia. By taking part in all significant infrastructural projects in the Republic of Serbia, “ADING” continued its presence on this market with its products and technical expertise provided to the engineering and sales staff there. Manager of the Company is Zoran Gjurovikj, B. Sc. in Civil Engineering.

ФИРМИ ЧЛЕНКИ НА ГРУПАЦИЈАТА АДИНГ

ADING
БЪЛГАРИЯ

www.ading.eu

„АДИНГ“ Бугарија ЕООД е ќерка фирма основана во 2002 година. Од претставништво за примена и пласман на производите на „АДИНГ“, во 2008 година прерасна во прв производен капацитет надвор од границите на Р.Македонија. Долгогодишното присуство на пазарот во Р. Бугарија и определбата за настап на овој пазар го потврдивме со изградбата на фабриката во индустриската зона на г. Перник, на површина од 1800м^2, со производен погон од 500м^2 и деловен простор од 200м^2. Изградена според најмодерните стандарди за квалитет и зачувување на животната средина, овој производен капацитет е наменет за производство на адитиви за бетони и малтери. Управител на фирмата е дипл. инж. техн. Петре Филипоски.

“ADING” Bulgaria EOOD is a daughter company which was founded in 2002. From a representative office for application and sales of ADING’s products, by 2008 it had grown into the first production facility outside the Republic of Macedonia. The long presence on the market in the Republic of Bulgaria and the determination to remain on this market were confirmed with the construction of a factory in the industrial zone of the city of Pernik, covering an area of 1,800 m^2 which includes a shop floor of 500m^2 and business premises of 200m^2. Built in compliance with the latest quality and environment protection standards, this production facility is intended for production of concrete and mortar admixtures. Manager of the Company is Petre Filiposki, B. Sc. in Technological Engineering.

„АДИНГ Шими Парс“ е партнерска фирма на „Адинг“ со фамилијата Ахмади од Р. Иран. Основана е во 2009 година во Техеран, Р.Иран, а во 2011 година се пуштени во употреба фабриката и производните погони на компанијата. Нејзината дејност е производство и пласман на хемиски производи за градежништвото. „Адинг Шими Парс“ е партнерска фирма на пазарот во Р. Иран од 2009 година, во чиј склоп е изграден најсовремен производен капацитет со наши рецептури и технологија на производство. Специјализирана за производство на прашести, пастозни и течни производи, фабриката се простира на околу 1400м^2 додека целата локација е на површина од 7000м^2. Извршен директор на фирмата е Сеjед Таџи Ахмади, а претседател на Бордот на директори е дипл. град. инж. Горан Јовановски.

“ADING Shimi Pars” is a partnership company of “Ading” and the Ahmadi family from the Republic of Iran. It was established in Tehran, the Republic of Iran, in 2009. The factory and the shop floor of the company were commissioned in 2011. Its business activities involve the production and sales of construction chemical products. “Ading Shimi Pars” has been acting as a partner company on the market in the Republic of Iran since 2009. State-of-the-art production facility was built on its premises, applying our formulas and manufacturing technology. Specialised for production of powdery, paste-like and liquid products, the factory covers an area of 1,400m^2, whilst the entire premises cover an area of 7,000m^2. Managing Director of the company is Seyed Taghi Ahmadi and President of the Board of Directors is Goran Jovanovski, B. Sc. in Civil Engineering.

„Ла Хемија“ е партнерска фирма на „Адинг“ со фирмата „Луфакис“ од Грција, основана во 2001 година во Скопје. Нејзината главна дејност е трговија на големо и мало за хемиски производи за градежништвото и индустријата. Управител на фирмата е дипл. економист Предраг Вукобрат.

“La Hemija” is a partnership company of “Ading” and Loufakis Chemicals Company from Greece, founded in Skopje in 2001. Its main business activity involves wholesale and retail sale of chemical products for the construction sector and the industry. Manager of the company is Predrag Vukobrat, BA in Economics.

АДИНГ ВО СВЕТОТ

ADING IN THE WORLD

По цели 45 години, „АДИНГ" слободно може да ја наречеме амбасадор на Р.Македонија, улога која ја докажала со освојување на многу далечни пазари и места кои некогаш, но дел од нив и денес, сè уште се далечни и непознати за Р.Македонија. Некогаш тоа биле Кина, Либан, Абу Даби, Бангладеш, Куба, Либија, Ирак, а денес тоа се Казахстан, Иран, Русија, Украина како и поблиските држави од регионот на Југоисточна Европа. Во моментов, „Адинг" е водечка компанија во Југоисточна Европа за производство и пласман на хемиски материјали за градежништвото. Развојната стратегија е насочена кон усовршување на производната програма и пласирање на широка палета производи на домашниот и странските пазари. Консултантското присуство

After 45 years have passed, "ADING" can be dubbed the ambassador of the Republic of Macedonia, a role which it has asserted by conquering many distant markets and places which in the past, and some of them even today, are still distant and unknown to the Republic of Macedonia. In the past these were China, Lebanon, Abu Dhabi, Bangladesh, Cuba, Libya, Iraq, and today these are Kazakhstan, Iran, Russia, Ukraine, as well as the countries from South-Eastern Europe. At the moment, "Ading" is a leading company for production and sale of construction chemical materials in South-Eastern Europe. The development strategy is channelled towards improvement of the product range and sales of wide range of products on the

АДИНГ ВО СВЕТОТ

и инструктажата од нашиот инженерски и стручен кадар со големо искуство особено успешно се покажа при работењето на бетонските коловози во Казахстан, еден од нашите најзначајни проекти во изминативе години.
Ова е само уште еден доказ дека „Адинг“ навистина поседува квалитетен и конкурентен „спакуван ум“ со кој подготвено настапува на странските пазари. Определбата, предизвикот и целта да освоиме што повеќе нови територии надвор од нашите граници, создадоа препознатлив имиџ на „светски патници“ на нашите вработени. И денес, ние продолжуваме понатаму и подалеку!

domestic and international markets. The presence of consultants and the briefing by our experienced engineering and expert team proved to be particularly successful while working on the concrete pavements in Kazakhstan, one of our most significant projects in the past years. This is just another proof that "Ading" really possesses quality and competitive "ready-made solutions" which it readily offers on the international markets. The determination, challenge and goal of conquering as many new territories beyond our borders as possible, has earned our employees the image of world travellers. Even today, we continue further and beyond!

ЧЛЕНКИ НА ГРУПАЦИЈАТА АДИНГ ВО СТРАНСТВО - *FOREIGN MEMBERS OF ADING GROUP*

АДИНГ, Белград - Србија		ADING, Belgrade - Serbia
АДИНГ-Бугарија, Софија - Бугарија		ADING-Bulgaria, Sofia - Bulgaria
АДИНГ ШИМИ ПАРС - Иран		ADING SHIMI PARS - Iran
АДИНГ-Хелас, Солун - Грција		ADING-Hellas, Thessaloniki - Greece
Филијала АДИНГ, Алмати - Казахстан		ADING branch, Almaty – Kazakhstan

ДИСТРИБУТЕРИ НА АДИНГ ВО СТРАНСТВО - *FOREIGN DISTRIBUTORS OF ADING*

ЃУРИШИЌ И КУМ, Бар - Црна Гора		GIURISJIC I KUM, Bar - Montenegro
АДИНГ Х Кфт, Будимпешта - Унгарија		ADING H Kft., Budapest - Hungary
АТАРУС ДООЕЛ - Русија		ATARUS D.O.O.E.L - Russia
СЛАВБЕТОН, Москва - Русија		SLAVBETON, Moscow - Russia
ВЕГАМАРКЕТ ПЛУС, Москва - Русија		VEGAMARKET PLUS, Moscow - Russia
ВЕЛИС, Загреб - Хрватска		VELIS - Zagreb, Croatia
МАЛИЌИ-АЛ, Тирана - Албанија		MALIQI-AL sh.p.k. Tirana, Albania
ИЗОЛИМИ, Приштина - Косово		IZOLIMI, Prishtine - Kosovo
ТОО АЛФАР, Алмати - Казахстан		TOO Alfar, Almaty – Kazakhstan



ПРОИЗВОДИ
PRODUCTS

Во раните седумдесетти од минатиот век, најпрво се започнува со производство на т.н. пластични малтери за завршна обработка на фасади и ентериери, рачно и без помош на технологија. Нешто подоцна е произведена крута цементна хидроизолација „Хидромал", производ кој потоа се доразвива и кој до денес останува еден од синонимите за „АДИНГ". Потоа следуваат и првите додатоци за водонепропустливост на цементните малтери и бетони, „Хидронормал" и „Хидрофоб", а се произведуваат и првите пластификатори, „Флуидинг", „Суперфлуид" и „Пластификатор 05" и средството за зимско бетонирање „Хидрозим".
При крајот на првата декада од производството, пресвртен момент е склучувањето на Договор за испорака на еластопластичен кит „Битек" за

In the early 70s of the past century, the production began at first by manufacturing the so-called plastic mortars for finishing facades and interior design, done manually with no technological assistance. The rigid cement-based waterproofing "Hidromal" was produced sometimes later. It is a product that was further developed and even today it is still one of the synonyms for "ADING". This was followed by the production of the first admixtures for water tightness of cement mortars and concrete, "Hidromal" and "Hidrofob", and also the first plasticisers were produced, including "Fluiding", "Superfluid" and "Plastifikator 05" and the admixture for winter concreting "Hidrozim". Towards the end of the first decade of production, the milestone came with the signing of the Contract for Delivery of Elastoplastic

ПРОИЗВОДИ

големите градежни проекти во Ирак. По утврдувањето на рецептурите, неговото производство се префрла во погоните на „Градба“, Струмица, а се набавени и првите мешалки за производство на постојните производи. Лабораториите на „АДИНГ“ забрзано пронаоѓаат нови и иновативни решенија кои драстично го зголемуваат производството и пласманот на готовиот производ и во почетокот на осумдесеттите се осовременува производството. Во периодот до 1990-тата година производите „Суперфлуид“, „Успорувач“, „Битек К“ и „Заштита Б“, се најизвезуваните производи, а речиси и не постои капитален објект во поранешна Југославија и на пазарите во странство каде работат југословенските фирми во кој не се вградени овие производи.
Кон крајот на втората декада од производството, се јавуваат и производите на епоксидна основа, индустриските подови на цементна основа, градежните лепила и противпожарните премази, а се оформува и службата Институт која заедно со службата за Примена и пласман се носители на иновациите.

Joint Sealant “Bitek” for large construction projects in Iraq. After establishing the formula, its production was moved to the production plants of “Gradba”, Strumica, and the first mixers for production of the existing products were purchased.
Very quickly ADING’s laboratories found new and innovative solutions which drastically increased the production and sales of the finished products and during the 80s, the production was modernised. In the period up to 1990, the products “Superfluid”, “Usporuvac” (Retarder), “Bitek K” and “Zastita B” (Curing Agent B) have been the top exported products and there is almost no important building in the former Yugoslavia and in the international markets where Yugoslavian companies operated in which these products are not integrated.
Towards the end of the second decade of production, there was an emergence of epoxy-based products, cement-based industrial flooring, building adhesives and fire protection coatings. At the same time, the Institute was established and

Во третата декада од производството и периодот на приватизација на фирмата, претежно се работи на усовршување на постојните производи, се задржува постојната производна палета, а значително се подобрува квалитетот. Производите како „Суперфлуид“, „Хидромал“, „Хидрозим“, „Хидрофоб“, „Хидромал Флекс“ стануваат препознатлив македонски бренд на пазарите во целиот регион и пошироко.

Во четвртата и петтата декада, од 2000-та година, па до денес, „АДИНГ“ нуди повеќе од 100 стандардизирани производи кои во голем дел се сертифицирани по европските стандарди, со визија да продолжиме да освојуваме. Во последните години компанијата воведе нови производни и технолошки линии и нови современи амбалажи за дел од производите наменети за широка потрошувачка и малопродажба. Паралелно со ова, поривот за иновирање не престанува и забрзано се работи на развивање на нови рецептури и производи за решавање на најспецифичните проблеми во градежништвото.

together with the Application and Sales Sector, it was the leader of innovation. In the third decade of production and the period of privatisation of the company, activities were mainly undertaken to improve the existing products. The existing product range was maintained and quality was significantly improved. Products like “Superfluid”, “Hidromal”, “Hidrozim”, “Hidrofob”, and “HidromalFleks” became a recognisable Macedonian brand on the markets in the entire region and beyond. In the fourth and fifth decade, from 2000 up to today, “ADING” has been offering more than 100 standardised products, many of which have been certified according to the European standards, with a vision to continue conquering the market. In recent years the company has introduced new production and technological lines and new modern packaging for some of the products intended for general consumption and retail sale. At the same time, the urge for innovation did not stop and activities were rapidly undertaken with the purpose of developing new formulas and products for solving the most specific problems in the construction industry.

ПРЕЗЕНТАЦИИ

ADING
sastojak svake građevine
ADITIVI ZA BETONE I MALTERE
HIDROIZOLACIJE
ADING
sastojak svake građevine
1969 | 2014
45

ADING
HIDROKOL
INVEST

ADING

ADING
www.ading.rs

40
ADING
13 МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ
INTERNATIONAL SYMPOSIUM
ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА
MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

СЕРТИФИКАТИ
CERTIFICATES

„АДИНГ“ веќе 45 години е посветен на усовршување на своите производи и услуги со крајна цел задоволување на потребите на пазарот и потрошувачите. Токму квалитетот на нашата производна програма и услугите кои ги нудиме ни го овозможуваат пристапот на бројни светски пазари.
Системот за менаџмент со квалитет го имплементираме уште во 1998-та година. Долгогодишното успешно управување, планирање, контролирање и обезбедување на квалитет со постојано подобрување на задоволството и довербата на заинтересираните страни, овозможи компанијата да го заземе лидерското место меѓу глобалната конкуренција и докажа дека е компанија која произведува квалитетни производи и дава квалитетни услуги. Сите вработени во компанијата се одговорни за обезбедување на квалитетот на производите.

For 45 years already "ADING" has been dedicated to the improvement of its products and services with the ultimate goal of meeting the demands of the market and the needs of the consumers. It is exactly our product range and the services that we offer, that enable us to access numerous global markets.
The quality management system was implemented as early as 1998. The long-running successful management, planning, control and provision of quality by continuous enhancement of the satisfaction and trust of the interested parties enabled the company to take the leading position among the global competition and proved to be a company which manufactures quality products and provides quality services. All the employees of the company are responsible for providing the quality of

СЕРТИФИКАТИ

„Адинг“ ги поседува следните сертификати согласно ISO стандардите:
1. ISO 9001 менаџмент со квалитет
2. ISO 14001 менаџмент со животна средина
Сите процеси на сертификација и ресертификација беа извршени од страна на SGS YarsleyCertificationServices LTD („СГС арслисертификејшнсервисис ЛТД“),Обединето Кралство.
Системот за квалитетно работење на нашата компанија подразбира единствен Систем на менаџмент поставен според барањата на ISO стандардите 9001:2008 и 14001:2004. Тоа го изразуваме со Политиката за квалитет и Политиката за заштита на животна средина.
Со Политиката за заштита на животна средина се запознаени сите заинтересирани страни - како вработените во компанијата така и доставувачите и потрошувачите. Компанијата работи еколошки и се грижи како за своите вработени така и за опкружувањето, со што најдобро придонесува за зачувувањето на животната средина од штетните влијанија при извршување на секојдневните активности во технолошките процеси.
Во Политиката за заштита на животна средина, всушност, се преточени сите барања на стандардот ISO 14001:2004 кои целосно ги практикуваме и со тоа го одржуваме Системот за менаџмент со животна средина потврден со сертификат од сертификациската куќа SGS.
На почетокот од 2014-та година, компанијата доби А - дозвола за усогласување

the products.
“Ading” holds the following ISO standard certificates:
1. ISO 9001 Quality Management
2. ISO 14001 Environmental Management
All the processes of certification and recertification were carried out by SGS YarsleyCertificationServices LTD, United Kingdom.
The quality system of our company implies a single Management System set in compliance with the requirements of the ISO Standards 9001:2008 and 14001:2004. This is translated into our Quality Management Policy and Environment Protection Policy.
All the stakeholders – the company’s employees, as well as the suppliers and consumers – are informed of the Environment Protection Policy. The company is eco-friendly and cares of its employees, as well as of its surrounding, thus making its best contribution towards environment protection against the harmful impacts when carrying out the everyday activities in the technological processes. The Environment Protection Policy in fact incorporates all the requirements of the ISO Standard 14001:2004 which we fully comply with, thus maintaining the Environmental Management System acknowledged with a certificate from the SGS certification body.
In the beginning of 2014, the company was granted A – permit for harmonisation with the operational plan issued by the Ministry of Environment

со оперативен план издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р.Македонија. Добивањето на А - интегрирана еколошка дозвола е резултат на усовршувањето и модернизацијата на производството, како и примената на строгите еколошки стандарди што се компатибилни со стандардите на Европската Унија.

Поголем дел од производите на производната програма на„АДИНГ“ АД Скопје поседуваат ЕС Сертификати за контрола на фабричкото производство, а со тоа и право на сертифицираните производи да се постави ознаката согласно Законот за градежни производи објавен во Службен весник на РМ бр.39/06, кој е хармонизиран со Регулативата (EU) бр. 305/2011 на Европскиот совет, како и со измената бр. 93/68/EEC.

Со овие Сертификати се потврдува дека, со контрола на фабричкото производство, сертифицираните производи се во сообразност со барањата од следните европски норми:

EN 934-2:2009 и EN 934-3:2009
Адитиви за бетон, малтер и инјекциска смеса
- Дел2: Адитиви за бетон
- Дел3: Адитиви за ѕидарски малтер
- Дефиниции, барања, сообразност, обележување и етикетирање.

EN 1504-2:2005 и EN 1504-3:2005
Производи и системи за заштита и репарација на бетонски конструкции
- Дефиниции, барања, контрола на квалитет и оцена на сообразност
- Дел 2: Системи за површинска заштита на бетон
- Дел 3: Конструктивни и неконструктивни репарации

Ознаката овозможува непречен пласман на производите на единствениот пазар на земјите членки на ЕФТА и на Европската Унија.

and Physical Planning of the Republic of Macedonia. The granting of the A – Integrated Environmental Permit is a result of the improvement and modernisation of the production process, as well as the compliance with the stringent environmental standards which are compatible with the European Union standards.

Most of the products from the product range of ADING AD Skopje hold an EC Certificate of Factory Production Control, thus holding the right to affix the mark on the certified products in accordance with the Law on Construction Products published in the Official Gazette of the Republic of Macedonia No. 39/06 and harmonised with the Regulation (EU) No. 305/2011 of the European Council, as well as the amendment 93/68/EEC.

These Certificates attest that by means of factory production control, the certified products are in conformity with the requirements prescribed by the following European norms:

EN 934-2:2009 and EN 934-3:2009
Admixtures for concrete, mortar and grout
- Part2: Admixtures for concrete
- Part3: Admixtures for masonry mortar
- Definitions, requirements, conformity, marking and labelling.

EN 1504-2:2005 and EN 1504-3:2005
Products and systems for protection and repair of concrete structures
- Definitions, requirements, quality control and conformity assessment
- Part 2: Systems for surface protection of concrete
- Part 3: Structural and non-structural repairs

The mark enables free sale and marketing of the products on the single market of EFTA and EU member states.

РЕФЕРЕНЦИ

REFERENCES

Луѓето се паметат по она што го изградиле, а грандиозните дела никогаш не се заборавааат. „АДИНГ“ во своето 45-годишно постоење се стреми да биде „состојка на секоја градба“ и денес можеме да се пофалиме со бројни значајни објекти каде се имплементирани нашите материјали. Невозможно е во оваа монографија да се споменат сите, но одвоивме еден мал дел од нив.

People are remembered by what they built, and magnificent deeds are never forgotten. In its 45 years of existence, "ADING" has been striving to be "ingredient of every construction" and today we can praise ourselves with numerous important buildings in which our materials are embedded. It would be impossible to mention them all in this monograph; however, we singled out some of them.

РЕФЕРЕНЦИ

ХЕЦ „Св. Петка“

“Sv. Petka” hydro power plant

АДИТИВИ ЗА БЕТОНИ И МАЛТЕРИ

Полимерни адитиви, Адитиви за водонепропустливост, Адитиви за зимско бетонирање, Пластификатори, Суперпластификатори и Хиперпластификатори

ВРСКА - У
ХИДРОФОБ
ХИДРОНОРМАЛ
ХИДРОЗИМ – Т
ФЛУИДИНГ

ADMIXTURES FOR CONCRETE AND MORTAR

Polymer admixtures, water-resisting admixtures, admixtures for concrete laying in winter, plasticisers, superplasticisers and hyperplasticisers

VRSKA - U
HIDROFOB
HIDRONORMAL
HIDROZIM - T
FLUIDING

Хотел „Хилтон“, Софија, Бугарија

Hilton Hotel, Sofia, Bulgaria

ЈП Водовод и канализација, Скопје, Македонија

Public Enterprise “Vodovod I kanalizacija” (Water Supply and Sewerage), Skopje, Macedonia

„Актер Галакси“, Сочи, Русија

“Actor Galaxy”, Sochi, Russia

Цементно-бетонски автопат
Тараз, Казахстан

Cement concrete highway,
Taraz, Kazakhstan

Аеранти, Забрзувачи, Забавувачи, Адитиви за земно-влажен бетон

ПОРОЧИНИТЕЛ
ИНГУНИТ – Т
АДИНГПАВЕР

СУПЕРФЛУИД - 21ЕКО
УСПОРУВАЧ – Д2

Air-entraining admixtures, accelerating admixtures, retarding admixtures, admixtures for low-slump concrete

POROCINITEL
INGUNIT - T
ADINGPAVER

SUPERFLUID - 21EKO
USPORUVAC - D2

„Газпром",
Москва, Русија

"Gazprom",
Moscow, Russia

Вијадукт „Кук",
Риека, Хрватска

"Kuk" viaduct,
Rijeka, Croatia



Тунел „Свети Рок",
Хрватска

"Sveti Rok" Tunnel,
Croatia

РЕФЕРЕНЦИ

Мостови на автопат
Демир Капија - Гевгелија

Bridges on highway
Demir Kapija - Gevgelija

СМЕСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ

Малтери за залевање на база на цемент
Адитиви за инјектирање на кабли за преднапрегнување

ИНЈЕКТИНГ – К
ЕКСМАЛ – 1
КОМПЛЕКСИНГ – АМ

GROUTING AND SEALING

Cement-based grouting mortars
Admixture for grout for prestressing tendons

INJEKTING - K
EKSMAL - 1
KOMPLEKSING - AM

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ

Малтери за репарација на цементна основа

РЕПАРАТУР МАЛТЕР – Ф1
РЕПАРАТУР ГЛЕТ

Хец „Козјак“,
Скопје, Македонија

“Kozjak” hydro power plant,
Skopje, Macedonia

ТЦ Соравија,
Скопје, Македонија

Soravia Trade Center,
Skopje, Macedonia

Цементарница „Холцим“,
Н.Повац, Србија

Holcim Cement Plant,
N. Povac, Serbia

Северна обиколница Скопје

Northern ringroad Skopje

CONCRETE REPAIR

Cement-based repair mortar

REPARATUR MALTER - F1
REPARATUR GLET

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ

Заштитни премази за бетон и челик

АНТИКОРОЗИН - ББ
АНТИКОРОЗИН - Е

PROTECTIVE COATINGS

Protecting coatings for concrete and steel

ANTIKOROZIN - BB
ANTIKOROZIN - E

Мост „Куфин“,
Куфин, Црна Гора

“Kufin” bridge,
Kufin, Montenegro

Тунел Шарган,
Шарган, Србија

“Shargan” tunnel,
Shargan, Serbia

Стадион „Филип Втори“
Скопје, Македонија

National Arena Philip II of Macedon,
Skopje, Macedonia

РЕФЕРЕНЦИ

Аква Парк - Скопје

Aqua Park - Skopje

ХИДРОИЗОЛАЦИИ

Цементни и Акрилатни хидроизолации

ХИДРОМАЛ ФЛЕКС
ХИДРОМАЛ
АДИНГФЛЕКС

WATERPROOFING

Cement- and acrylic-based waterproofing

HIDROMAL FLEKS
HIDROMAL
ADINGFLEKS

Базен за ватерполо, ВК „Јадран“,
Херцег Нови, Црна Гора

Water polo pool, VK "Jadran",
Herceg Novi, Montenegro

Хотел „Ибис“,
Скопје, Македонија

Ibis Hotel,
Skopje, Macedonia

Уставен суд,
Скопје, Македонија

Constitutional court,
Skopje, Macedonia

Фонтана „Филип II“ - Скопје

“Filip II” fountain - Skopje

ГРАДЕЖНИ КИТОВИ

БИТЕК - А
АДИНГАКРИЛ
ФУГОФИЛ

JOINT SEALANTS

BITEK - A
ADINGAKRIL
FUGOFIL



Индивидуален станбен објект,
Скопје, Македонија

Individual residential building,
Skopje, Macedonia

Фонтана „Воин на коњ“,
Скопје, Македонија

“Warrior on a Horse” fountain,
Skopje, Macedonia

Аква Парк,
Скопје, Македонија

Aqua Park,
Skopje, Macedonia

РЕФЕРЕНЦИ



Спортско игралиште
О.У. „Гоце Делчев“ - Скопје

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

Спортски подни системи

АДИНГФАВОРИТ

INDUSTRIAL AND SPORTS FLOORING

Sport flooring systems

ADINGFAVORIT

ОУ „Гоце Делчев“,
Скопје, Македонија

Playground
“Goce Delchev” Primary School - Skopje

Тениски игралишта,
Казахстан

Tennis courts,
Kazakhstan

СУГС „Георги Димитров“,
Скопје, Македонија

“Georgi Dimitrov” Secondary School
Skopje, Macedonia

Playground
“Goce Delchev” Primary School - Skopje

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ

Премази за подови

АДИНГМАРКЕР
АДИНГМАРКЕР – П
ДЕКО БЕТОН
ДЕКО СИЛ

DECORATIVE COATINGS

Floor coatings

ADINGMARKER
ADINGMARKER - P
DEKO BETON
DEKO SIL

СУГС „Георги Димитров“,
Скопје, Македонија

“Georgi Dimitrov” Secondary School
Skopje, Macedonia



Хотел „Александар Палас“,
Скопје, Македонија

Aleksandar Palace Hotel,
Skopje, Macedonia



Хотел „Александар Палас“,
Скопје, Македонија

Aleksandar Palace Hotel,
Skopje, Macedonia

РЕФЕРЕНЦИ

Катна гаража „Св. Кирил и Методиј“,
Скопје, Македонија

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

Цементни и епоксидни подни системи

ПОДИНГ – К
АДИНГПОКС – 2ЕКО
АДИНГПОКС -1Б ЕКО
АДИНГПОКС – 1П ЕКО
АДИНГСТАТИК – ЕКО
АДИНГПОКС – 1ПВ

INDUSTRIAL AND SPORTS FLOORING

Cement-based and epoxy resin floor systems

PODING - K
ADINGPOKS - 2EKO
ADINGPOKS - 1B EKO
ADINGPOKS - 1P EKO
ADINGSTATIK - EKO
ADINGPOKS - 1PV

Бензинска станица „Окта“,
Скопје, Македонија

“Okta” petrol station,
Skopje, Macedonia

Станица за технички преглед „ПСС“
Скопје, Македонија

“PSS” Vehicle Testing Station,
Skopje, Macedonia

Магацин на „Прототип“,
Скопје, Македонија

Warehouse of “Prototip”,
Skopje, Macedonia

"Sv. Kiril I Metodij" multistorey car park,
Skopje, Macedonia

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

Смеси за израмнување на подови,
внатрешни и надворешни видни површини

ХИДРОГЛЕТ – П
ХИДРОГЛЕТ - ПВ
ХИДРОГЛЕТ - В
ХИДРОГЛЕТ - Ф

LEVELLING COMPOUNDS

Levelling compounds for floors,
internal and external wall surfaces

HIDROGLET -P
HIDROGLET -PV
HIDROGLET - V
HIDROGLET - F

Катна гаража „Импексел",
Скопје, Македонија

"Impeksel" multistorey car park,
Skopje, Macedonia"

Катна гаража „Св. Кирил и Методиј",
Скопје, Македонија

"Sv. Kiril I Metodij" multistorey car park,
Skopje, Macedonia

Катна гаража „Импексел",
Скопје, Македонија

"Impeksel" multistorey car park,
Skopje, Macedonia"

РЕФЕРЕНЦИ

„Империал Тобако“,
Скопје, Македонија

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

Декоративни малтери

АДИНГФАС – 3
ХИДРОФАС – 3

DECORATIVE COATINGS AND MORTARS

Decorative mortars

ADINGFAS - Z
HIDROFAS - Z



Хашгерд Сити,
Хашгерд, Иран

Hashgerd City,
Hashgerd, Iran

Станбен комплекс,
Кејсон, Иран

Residential complex,
Keyson, Iran

Станбен комплекс,
Паранд, Иран

Residential complex,
Parand, Iran

Imperial Tobacco,
Skopje, Macedonia

Фасадни и внатрешни премази

АДИНГКОЛОР – Ф
АДИНГКОЛОР

Facade and internal wall coatings

ADINGKOLOR - F
ADINGKOLOR

„Империал Тобако“,
Скопје, Македонија

Imperial Tobacco,
Skopje, Macedonia

Деловен центар „АДИНГ“,
Скопје, Македонија

Деловен центар АДИНГ,
Skopje, Macedonia

Станица за технички преглед „ПСС“
Скопје, Македонија

“PSS” Vehicle Testing Station,
Skopje, Macedonia

РЕФЕРЕНЦИ



Собрание на Република Македонија,
Скопје, Македонија

Assembly of the Republic of Macedonia,
Skopje, Macedonia

ПРОТИВПОЖАРНИ МАТЕРИЈАЛИ

Противпожарна заштита на
челични конструкции и електрични кабли

ПЛАМАЛ – С
ПЛАМАЛ – 3Д

FIRE PROTECTION MATERIALS

Fire protection of
steel structures and electric cables

PLAMAL - S
PLAMAL - 3D

Собрание на Република Македонија,
Скопје, Македонија

Assembly of the Republic of Macedonia,
Skopje, Macedonia

Делта Сити,
Белград, Србија

Delta City,
Belgrade, Serbia

Народна банка на Р. Србија,
Белград, Србија

National Bank of Serbia,
Belgrade, Serbia

Северна обиколница Скопје

Northern ringroad - Skopje

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ГРАДЕЖНИШТВОТО

Лепила за плочки, сипорекс елементи и термоматеријали, Силиконска импрегнација, Заштита на свеж бетон, Оплатни масла

ХИДРОКОЛ
ХИДРОКОЛ – СП
СТИРОКОЛ – П
ФАСИЛ – В
ОПЛАТИН – В
ЗАШТИТА - БЗ
АДИНГРОСТ

BUILDINGS ADHESIVES AND OTHER MATERIALS FOR THE CONSTRUCTION INDUSTRY

Tile adhesives, siporex elements and thermo materials, silicone impregnation, protection of fresh concrete, formwork oils

HIDROKOL
HIDROKOL - SP
STIROKOL - P
FASIL - V
OPLATIN - V
ZAŠTITA-B3 (CURING AGENT- B3)
ADINGROST



„Аутомобиле СК",
Скопје, Македонија

Automobile SK,
Skopje, Macedonia

Цементно бетонски автопат,
Тараз, Казахстан

Cement concrete highway,
Taraz, Kazakhstan

Спортска сала „Борис Трајковски",
Скопје, Македонија

"Boris Trajkovski" Sports Centre,
Skopje, Macedonia

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

SOCIAL RESPONSIBILITY

Успехот на една компанија се гледа не само во резултатите туку и во она што таа го прави за заедницата и околината во која дејствува.
Општествената одговорност и грижата за општото добро е не само обврска, туку и претставува задоволство за „АДИНГ". Ова се дел од секојдневните активности и развојните планови на компанијата.
Производите кои ги дистрибуираме се со висок и постојан квалитет, а постојано се усовршуваат и унапредуваат се со цел задоволување на потребите и барањата на нашите клиенти.
Сите наши објекти се проектирани и изградени на начин кој обезбедува заштита на околината, а мерките за заштита при работа се почитуваат во рамките на целата компанија.

The success of the company is seen not only in its results, but also in what it does for the community and the area where it operates.
The social responsibility and care for the general well-being is not just an obligation, but it is also a pleasure for "ADING". These are some of the everyday activities and development plans of the company.
The products that we distribute are of high and constant quality; however, they are continuously improved and enhanced with the purpose of meeting the needs and demands of our clients.
All of our buildings are designed and built in such a way as to provide environmental protection and the measures for protection at work are being observed within the whole company.

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Редовно спроведувана акција за „Денот на дрвото"

Regular participation in the "Tree Day" campaign

Доделување на стипендии на Градежен факултет – Скопје

Granting scholarships at the Faculty of Civil Engineering – Skopje

„АДИНГ" има добиено повеќе награди и признанија од областа на екологијата – меѓу кои: наградата за најеколошка компанија, фирма со успешна примена на ISO 14001 и придонес за зачувување на животната средина во 2010 година и наградата за најдобро уреден двор на стопански објект во град Скопје во 2013 година.

Во „АДИНГ" го поддржуваме развојот на младите кадри. Имаме воспоставена успешна соработка со неколку високообразовни институции со интенција таа да се прошири во иднина: Градежен факултет, Архитектонски факултет и Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ.

Нашата компанија е вклучена и во поддршка на проекти и иницијативи кои придонесуваат за развојот на спортот (поддршка на Скопскиот маратон), подобрување

Најдобро уреден двор на стопански објект (2013 година)

Поддршка на
„Големата награда за архитектура“

Support of the
“Grand Architecture Award”

“ADING” has been granted several awards and acknowledgements in the field of ecology, including: the award for the most eco-friendly company, company with a successful implementation of ISO 14001 and contribution towards the protection of the environment in 2010 and the prize for best landscaped yard of a commercial facility in the city of Skopje.
At “ADING” we support the development of the young staff. We have established fruitful cooperation with several higher education institutions and intend to extend it further in the future: the Faculty of Civil Engineering, the Faculty of Architecture and the Faculty of Technology and Metallurgy within the Ss Cyril and Methodius University.
Our company is also involved in and supports projects and initiatives for progress of sport (supporting the Skopje Marathon), traffic safety improvement (participation in the project

Донација во
„ЗОО градина“, Скопје

Donation to Skopje Zoo

Best landscaped yard of a commercial facility (2013)

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

на безбедноста во сообраќајот (како дел од проектот „100 пешачки премини за безбедност на 10.000 ученици“), бројни донации за помош на изградба на црковни објекти и манастири како и поддршка на позначајните настани од областа на градежништвото и архитектурата во земјата (Големата годишна награда за архитектура).

Наградата за „Одговорен однос кон вработените за 2009-та година” зборува за грижата и одговорноста на компанијата кон нашите вработени. Континуирано ги подобруваме условите и опремата за работа, промовираме таленти и нивните способности, инвестираме во обуки и надградување на нивното знаење, се грижиме за нивното здравје и безбедноста. Исто така, се промовира доверба меѓу вработените, нема полова, расна, старосна, социјална или хендикеп дискриминација, се почитува законската регулатива во сите сегменти на работењето.

Принесувањето за подобрувањето на квалитетот на животот на нашата заедница била и ќе остане една од нашите најважни цели и насока во која ќе продолжиме да дејствуваме и понатаму.



Манастир Св. Јован Бигорски, Ростуше, Македонија

St. Jovan Bigorski Monastery, Rostushe, Macedonia

Даут Пашин Амам - Скопје

Daut Pasha Hamam - Skopje

Плаошник - Охрид

Plaoshnik - Ohrid

"100 pedestrian crossings for the safety of 10,000 pupils"), numerous donations supporting the construction of churches and monasteries, as well as support of important events in the field of civil engineering and architecture within the country (the Grand Annual Architecture Award).
The award for "Responsible Attitude towards the Employees for the Year 2009" speaks about the care and responsibility of the company for its employees. We are continuously improving the working conditions and the equipment for work, we promote the talents and their skills, we invest in trainings and extension of their knowledge, and we care for their health and safety. At the same time, we promote trust among employees, there is no gender, race, age, social or disability discrimination and the legal regulations are adhered to in each segment of the working activities.
Making efforts to improve the quality of living in our community has been and will always be one of our most important goals and direction in which we will continue to act in future.

Донација за проектот „100 обновени пешачки премини" во Општина Кисела Вода, Скопје

Donation to the project titled "100 renewed pedestrian crossings" in the municipality of Kisela Voda, Skopje

Поддршка на Скопскиот маратон

Support of the Skopje Marathon

Поддршка на Велосипедската парада во Скопје

Support of the Bicycle Parade in Skopje


Донација за изградба на „Шатор: Содома и Гомора" подарок за град Скопје

Donation for the creation of "Shator: Sodoma I Gomora" - gift for the city of Skopje

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

AWARDS AND RECOGNITIONS

Компанијата во текот на своето долгогодишно успешно работење успешно гради имиџ и препознатливост на лидер во областа во која дејствуваме. Ова го препознава и заедницата во која дејствуваме, па „Адинг" е добитник на бројни награди и признанија, што претставуваат мотив повеќе да останеме на истиот курс.

Меѓу позначајните во последните неколку години се: Наградата за Адинговите инвестиции надвор од Р.М. доделена од Стопанската комора на Македонија (2013), наградата за најеколошка компанија доделена од град Скопје (2010) и наградата за општествена одговорност за 2009 година доделена од ЦИРА.

During many years of successful work the company has successfully created an image and is easily recognised as a leader in the field in which it operates. This is also acknowledged by the community in which we operate, so "Ading" has received numerous awards and acknowledgments which motivate us to remain on the same track.

More significant awards from recent years include: the award for Ading's investments outside the Republic of Macedonia granted by the Economic Chamber of Macedonia (2013), the award for most eco-friendly company granted by the city of Skopje (2010) and the award for social responsibility for the year 2009 granted by the Centre for Institutional Development (CIRA).

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Со одлука на Управниот одбор на компанијата, утврден е пригоден подарок кој „АДИНГ“ го доделува на своите значајни соработници. Станува збор за награда – признание „МОЛЕКУЛА“ – симболот на компанијата во уникатна рачна изработка.

Молекулата е дел од севкупниот имиџ на „АДИНГ“ и се доделува како признание за долгогодишна соработка на институции, компании и поединци кои придонесле за развојот на компанијата.

A decision adopted by the managing Board of the company provides for an appropriate award which “ADING” grants to its significant collaborators. It is an award known as the acknowledgment “MOLEKULA” (molecule) – the symbol of the company – as a unique hand-made item.
The molecule forms part of the overall image of “ADING” and is awarded to institutions, companies and individuals who have contributed to the development of the company in recognition of long-running collaboration.

AWARDS AND RECOGNITIONS